**Форуми во заедницата, координација со претседателите на месните заедници, координативно тело на ниво на граѓанските организации, Младински совет, Локален економски и социјален совет**; се само дел од **начините за граѓанско учество во Свети Николе** кои ги спомна градоначалникот, Сашо Велковски, на форумот „Граѓаните- учесници во локалните политики“ што се одржа на 13 ноември оваа година во Свети Николе.




Околу 50 учесници, најголем дел средношколци, учествуваа во дискусијата за соработка на општините со граѓанските организации и за учество на граѓаните во креирањето на политиките на локално ниво.

Ели Чакар, од Министерството за локална самоуправа, потенцираше дека **граѓаните не**

**смеат да ја заборават нивната активна улога во општеството и по изборите**
. Според неа
**парите не се главниот проблем за неактивноста, туку непредвидливоста и фактот што нема унифицирани критериуми кои ќе важат за сите општини**
. Ова се однесува не само на финансирањето на граѓанските организации, туку и на сите активности во кои се очекува тие да учествуваат и да го дадат својот придонес.

За **родово сензитивното буџетирање** говореше Ѓунер Небиу, претседателка на Женската граѓанска иницијатива Антико. Таа појасни дека ваквото буџетирање
**не значи зголемување на буџетот, туку реалокација на средствата врз основа на потребите**
. Ова го илустрираше со примерот на финансирање на школски фудбалски клуб за кој пројавиле интерес момчиња, а нефинансирањето на одбојкарски клуб кој е од поголем интерес за девојчињата.

Бранкица Димитровска, од здружението Хендикеп плус од Крива Паланка, зборуваше за **потребата од градење капацитети на граѓанските организации кои работат на политики за лицата со посебни потреби.** Таа и препорача на општината да ја надгради веб страната за да го олесни користењето за лицата со визуелни попречености.


ЗДРАВА ХРАНА - ЗДРАВИ НАВИКИ - ЗДРАВ ЖИВОТ -
CIVICA
MOBILITAS
Citizens for change!